Уп. Бр.08-26/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна Мессер СЕ и Ко. КгаА, со регистрирано седиште на Мессер - Плац 1, 65812 Бад Соден ам Таунус, Германија и Делта Холдинг Д.О.О. Белград, со регистрирано седиште на ул. Владимира Поповиќа бр.8А, Белград, Република Србија, преку Владо Илиевски, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 14.02.2024 година, го донесе следното

# **Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Мессер СЕ и Ко. КгаА, со регистрирано седиште на Мессер - Плац 1, 65812 Бад Соден ам Таунус, Германија и Делта Холдинг Д.О.О. Белград, со регистрирано седиште на ул. Владимира Поповиќа бр.8А, Белград, Република Србија, стекнуваат заедничка контрола над Ресити Тецхнологиес Д.О.О., со регистрирано седиште на ул. Владимира Поповиќа бр.8А, Белград, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 22.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна на Мессер СЕ и Ко. КгаА, со регистрирано седиште на Мессер - Плац 1, 65812 Бад Соден ам Таунус, Германија ("Мессер") и Делта Холдинг Д.О.О. Белград, со регистрирано седиште на ул. Владимира Поповиќа бр.8А, Белград, Република Србија ("Делта"), со која Мессер и Делта ќе стекнат заедничка контрола над Ресити Тецхнологиес Д.О.О. со регистрирано седиште на ул. Владимира Поповиќа бр.8А, Белград, Република Србија ("Ресити").

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Мессер СЕ и Ко. КгаА** е компанија од Месер Групацијата која е активна во областа на производство и дистрибуција на технички, индустриски и медицински гасови. Месер Групацијата произведува и ги снабдува потрошувачите со кислород, азот, аргон, јаглерод двооксид, водород, хелиум, заварувачки гасови, специјални гасови, медицински гасови и многу гасни мешавини. Производите на Месер Групацијата имаат широка примена во челичната и металната, хемиската, прехрамбената и фармацевтската индустрија, автомобилската и електроничката индустрија, медицината, истражувањата и заштитата на животната средина. Месер Групацијата има свои единици во повеќе од 30 земји во светот.

Во Република Северна Македонија, Мессер е присутен како единствен содружник во МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. "Драгољуб Боцинов„ 4В Скопје и со главна дејност производство и продажба на индустриски, технички и медицински гасови. Истата не е присутна на никаков релевантен пазар на IT услуги.

**Делта Холдинг Д.О.О. Белград** е компанија од областа на сметководство, ревизија и даночен консалтинг и истата поседува удел од 86,5 % и има самостојна контрола врз друштвото Ресити. Делта е главна компанија во Delta Holding Group, која се состои од околу 60 компании од земјоделството, производството на храна, извоз, увоз, застапување на странски компании, дистибуција на стоки за широка потрошувачка, продажба на автомобили, хотели, недвижности и развој на нови технологии. Групацијата ги реализира

своите бизниси преку 5 организациони единици: Делта Аграр, Делта процесирање на храна, Делта недвижности, Делта дистрибуција и Нови технологии. Делта не поседува филијали кои работат на истиот пазар со Ресити и има свој внатрешен IT оддел. Корисници на IT поддршка на Делта Холдинг се исклучиво компаниите во состав на Групацијата.

**Ресити Тецхнологиес Д.О.О.** е компанија која е активна во областа на ИТ и е фирма ќерка на Делта Холдинг, основана во 2020. Истата е активна во областа на САП (меѓународен унифициран сметководствен систем). Компанијата нуди поддршка за повеќе САП модули и платформи, услужува претежно клиенти од ЕУ со поддршка од високо стручни САП експерти и помлади САП консултанти, прилагодени според нивните потреби. Полето на експертиза покрива разни САП модули, како S/4HANA, САП клауд технологии и солуции за различни индустрии. Преку компаниската САП академија обезбедува обуки, едукација, САП сертификација за консултанти и овозможува вклучување во разни проекти кои пружаат знаење и експертиза соодветни за потребите на клиентите.

Ресити воопшто не е присутна во Република Северна Македонија.

Мессер и Делта на 20.11.2023 година склучија Купопродажен договор (Share Purchase Agreement – SPA), со кој се утврдени сите услови на купопродажбата на удел, вклучено и прибавување на одобренија од телата надлежни за заштита на конкуренцијата во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Република Северна Македонија, Албанија и Романија, по што Мессер, Делта и останатите малцински акционери на целната компанија ќе склучат нов Основачки акт на целната компанија.

Мессер ќе откупи од Делта удел и права на глас во Ресити. По трансакцијата, ова друштво ќе биде заеднички контролирано од Делта со удел од 61,4 %, и Мессер со удел од 25,1 %, додека останатите иматели на удели се Жељко Штимац со 7,5% од уделите, Анкица Божиќ Супанц со 3% од уделите и Алма Тасиќ со 3% од уделите. Согласно Член 23 од Основачкиот акт, Ресити има Собрание на иматели на удели, Директор и Советодавно тело како професионална поддршка за Директорот. Собранието ги определува бизнис и инвестициската стратегија и бизнис целите, го именува и разрешува директорот. Согласно Член 28, Мессер и Делта ги одобруваат, односно имаат право на вето на одлуките за именување и разрешување на Претседателот и членовите на Советодавното тело, Директорот, годишниот буџет и бизнис и инвестициската стратегија. Преку ова право на вето, не само Делта, туку и Мессер како малцински имател на удел заеднички ќе вршат контрола врз Ресити додека никој од останатите малцински иматели на удели нема вакво право на вето.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**